РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмети оформени по поднесени пријави, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметите со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, 12-3626/1 од 29.09.2021 година, 12-4785/1 од 10.05.2022 година, 12-4866/1 од 11.05.2022 година, 12-9008/1 од 28.10.2022 година, 12-9659/1 од 20.12.2022 година, 12-581/1 од 27.01.2023 година и 12-2258/1 од 12.04.2023 година, оформени по доставени пријави со наводи што упатуваат на неправилности во различни аспекти на работењето на Универзитетот /// - ///, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување, а предметите ќе ги отстапи на надлежно постапување на Државниот просветен инспекторат.

Предметите со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, 12-3626/1 од 29.09.2021 година, 12-4785/1 од 10.05.2022 година, 12-4866/1 од 11.05.2022 година, 12-9008/1 од 28.10.2022 година, 12-9659/1 од 20.12.2022 година, 12-581/1 од 27.01.2023 година и 12-2258/1 од 12.04.2023 година, да се затворат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во текот на 2021, 2022 и 2023 година до ДКСК се доставени повеќе пријави со наводи што упатуваат на неправилности во различни аспекти на работењето на Универзитетот /// - ///.

Врз основа на добиените пријави се оформени предметите со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, 12-3626/1 од 29.09.2021 година, 12-4785/1 од 10.05.2022 година, 12-4866/1 од 11.05.2022 година, 12-9008/1 од 28.10.2022 година, 12-9659/1 од 20.12.2022 година, 12-581/1 од 27.01.2023 година и 12-2258/1 од 12.04.2023 година.

Наводите во пријавите доставени до ДКСК врз чија основа се оформени наведените предмети опфаќаат:

- сомнежи за неправилности при стекнувањето на наставно-научно звање доцент на /// во 2004/2005 година, кој според наведеното при изборот не приложил доказ за стекнат научен степен доктор на науки бидејќи во периодот во кој бил избран не поседувал одлука за нострификација на диплома од Министерството за образование и наука, по што во 2010 година се стекнал со звање вонреден професор, а во 2017 година – со звање редовен професор, што наводно било овозможено од страна на неговиот брат /// којшто во 2017 година бил в.д. декан на Факултетот /// при Универзитетот ///;

- сомнежи за неправилности при избор во наставно-научни звања: избор на лицето /// во наставно-научно звање вонреден професор на Факултетот ///, каде во моментот бил вработен и вршел функција декан неговиот брат ///; избор на лицето /// за редовен професор во наставно-научна област на Факултетот ///;
- сомнежи за неправилности во постапката за избор на /// за декан на Факултетот /// во февруари 2023 година – незаконски избор на кандидат што во моментот на изборот е сопственик и управител на приватна фирма и претседател на управен одбор на јавно претпријатие;
- наводи за неправилности при спроведување на Решение на Државниот просветен инспекторат со бр./// од ///2022 година, донесено по извршен инспекциски надзор во Универзитетот ///, за поништување на Решението /// од ///2017 година на Универзитетот за избор на д-р /// во наставно-научно звање редовен професор. Наводите се однесуваат на неспроведување на Решението на Државниот просветен инспекторат од страна на одговорното лице на Универзитетот. Воедно, наводите се однесуваат на неодредување глоба на правно лице и на одговорно физичко лице од страна на Државниот просветен инспекторат поради непостапување согласно наведеното Решение во законскиот рок како и неповедување постапка од страна Државниот просветен инспекторат поради утврдување прекршочна и кривична одговорност заради неспроведување на наведеното Решение од страна на одговорното лице во законскиот рок;
- сомнежи за неправилности во постапката за избор на лицето /// за ректор на Универзитетот /// - ///, и сомнежи за незаконско именување од негова страна на професор за проректор и професори за декани на одделни факултети при Универзитетот;
- сомнежи за неправилности при унапредување на наставен кадар: унапредување на лицето /// во доцент на Факултетот /// иако истиот наводно не ги исполнувал критерумите, што следело откако претходно бил вработен како асистент без да има запишано докторски студии;
- сомнежи за незаконски ангажман на лицето /// во наставата на Факултетот /// при Универзитетот /// - ///, во својство на асистент односно демонстратор во 2020/2021 и 2021/2022 година;
- сомнежи за незаконско користење на слободни денови од страна на /// и непреземање на дејствија за покренување дисциплинска постапка од страна на ректорот ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај во рамки на пријавата со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година врз чија основа е оформен предметот со број 12-1465/1 од 02.03.2020 година, во кој се содржани наводи за неправилности при унапредување на лицето /// во доцент на Факултетот /// иако истиот не ги исполнувал критерумите, откако претходно бил вработен како асистент без да има запишано докторски студии, ДКСК достави барање за постапување до Државниот просветен инспекторат. При извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат во март 2023 година, биле констатирани неправилности во постапката за избор на /// во наставно-научно звање доцент. По преземените активности

од страна на Државниот просветен инспекторат, во мај 2023 година предметот бил испратен до надлежен суд за поведување прекршочна постапка.

Во рамки на предметот со број 09-1140/1 од 17.02.2022 година оформен во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање во врска со наводи за судир на интереси, меѓу кои и наводи за судир на интереси во постапката за избор на /// за асистент, по кој ДКСК има донесено Одлука на својата 85-та седница, утврдено е постоење на судир на интереси помеѓу лицата /// и ///, за кое ДКСК оценила дека нема елементи за натамошно постапување поради промена на фактичката состојба – донесување на Решение во 2022 година за укинување на Одлуката за избор на /// за асистент и донесување на Решение во 2022 година за престанок на работниот однос на ///.

Во однос на сомнежите за неправилности во постапката за избор на /// за декан на Факултетот /// во февруари 2023 година – незаконски избор на кандидат што во моментот на изборот е сопственик и управител на приватна фирма и претседател на управен одбор на јавно претпријатие, ДКСК има оформено предмет во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање, при што постапувањето по предметот од аспект на утврдување на постоење на судир на интереси е во тек.

Од горенаведеното, ДКСК констатира дека за дел од наводите коишто се однесуваат на постоење на судир на интереси ДКСК има оформено предмети во Одделението за спречување судир на интереси, по кои има донесено одлуки и по кои постапувањето е во тек.

Во однос на наводите кои се однесуваат на повреда на одредби од Законот за високото образование, на повреда на одредби од законите кои се однесуваат на работењето на Универзитетот /// - ///, и на одредби од законите што се однесуваат на изрекувањето на мерки и на спроведувањето на мерките изречени при спроведувањето на инспекциски надзор, ДКСК цени дека постојат услови предметите да ги достави до Државниот просветен инспекторат, заради натамошно надлежно постапување во насока на утврдување на постоење на елементи на злоупотреба на службената положба и овластувањето од страна на службени лица при Универзитетот /// - ///, или утврдување на постоење на други неправилности за кои во пријавите се изнесени наводи, согласно надлежностите на Државниот просветен инспекторат.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk